**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-616/3**

**Скопје, 26.12.2006 година**

**ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансискиот извештај за изборната кампања на Партија за европска иднина – ПЕИ, за спроведените парламентарни избори во 2006 година прикажан на страна 3.

2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2, член 5 став 1 од Законот за државна ревизија, Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија и член 26 од Законот за финансирање на политичките партии.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале извештај за финансиските извештаи на ПЕИ за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансискиот извештај од точка 1 на овој Конечен извештај, претставува одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Фијат Цановски- претседател на партијата;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 2, и да дадат мислење за финансискиот извештај од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена на 13.10.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето, дали финансискиот извештај вистинито и објективно ги искажува финансиските активности поврзани со парламентарните избори во согласност со примената на законска регулатива, и тоа во делот на вкупниот износ на средствата, изворите на финансирање и направените трошоци.

8. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни

прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

9. Според наше мислење, финансискиот извештај на Партијата за европска иднина за парламентарните избори во 2006 година ја дава вистинската и објективна слика за финансиските активности на партијата.

**Скопје, 22/12/2006 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------

## ЗА ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ЗА 2006 ГОДИНА
## НА ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА

| ОПИС | износ во (000) ден |
|---|---|
| **Приходи:** | |
| Спонзорства и донации од правни лица | 1,250 |
| **Вкупни приходи** | **1,250** |
| **Расходи** | |
| Печатени медиуми | 483 |
| Организација на кампања | 539 |
| Други трошоци | 223 |
| **Вкупни расходи** | **1,245** |
| **Остварен нето вишок - добивка** | **5** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311

**_Овластен Државен ревизор_**

-----------------------------